Друштво за осигурување

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ

ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ

- **ПАКЕТ ЦМР ПРО**

Јануари 2021 година

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 1**

Предмет на осигурување, по овие Посебни Услови претставува опфат на дополнителен осигурителен ризик , под предулсов , само со платена дополнителна премија - оштетување на делот на товарно возило наменето за товар, како последица или настаното од стоката превземена за превоз, со сума на осигурување од 1.250 Евра, воедно и максимална обврска на осигурувачот ( Агрегат).

**ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)**
**Член 2**

Осигурувањето по овие Услови дава осигурителна заштита од следниот ризик:

1. Оштетување на церада, елементи на кутијата на возилото , конструкција за церада и кутија на возилото, сендвич панели на ладилник, инсталации во товарен дел при манифестиран транспортен ризик :
   - Сообраќајна незгода или нејзино избегнување
   - Превртување, изместување на товар, палета, сноп и сл.
   - Истекување на хемикалии, течности, масла , ...
2. Предуслов за прием во осигурување
   - Фотографии на товарен дел пред почеток на ризик
3. Исклучоци
   - Штети при утовар и истовар ( освен кај специјални возила наменети за превоз на возила, ако утоварот го врши лично возачот)
4. Обврски на осигуреникот
   - Фотодокументација на оштетувањето
   - Пријава на штета во рок од 3 дена по влез во РМ
5. Враќање на премија по овој дополнителен ризик, во однос на прекин на полиса (отуѓено возило , пропрата и сл.) не е дозволено.

**ВАЖНОСТ НА УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ**
**Член 3**

Овие Посебни услови се само дополнување на Условите за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај (ЦМР) , само во однос на предметниот дополнителен ризик.

**ЗАСТАРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА**
**Член 4**

Побарувањата на осигуреникот или на корисникот на осигурувањето, односно на трето лице од договорот за осигурување од незгода, застаруваат согласно одредбите од Законот за облигациони односи.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
**член 5**

[1] За односите од договорот за осигурување се применува правото на Република Македонија.
[2] За односите меѓу осигурувачот, договарачот и осигуреникот кои не се договорени во договорот за осигурување, се применува Законот за облигациони односи.

**Постапка по приговори**
Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Постапка по жалба**
Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

**Решавање на спорови**
Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Одборот на директори на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје дадено на својата редовна седница на 10.12.2020 година со Одлука бр.0203-11/08 и ќе се применуваат од 01.01.2021 година.